„Придржувајте се кон искреноста, бидејќи искреноста води кон добродетелството, а добродетелството води кон Џенетот

Од Абдулах бин Месуд, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува: Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Придржувајте се кон искреноста, бидејќи искреноста води кон добродетелството, а добродетелството води кон Џенетот. Човекот кој постојано е приврзан кон искреноста и се труди да биде искрен ќе биде запишан кај Аллах од искрените. И чувајте се од лагата, бидејќи лажењето води кон грев, а гревот води кон Огнот. Човекот кој постојано лаже и се стреми кон лагата ќе биде запишан кај Аллах како лажливец.“

[متفق عليه] [صحيح]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, наредил придржување кон искреноста и објаснил дека истрајноста во искреноста го води човекот кон постојаност во извршувањето на добри дела. Оној кој постојано се придржува кон доброто, ќе биде упатен на патот кој води кон Џенетот. Човекот кој секогаш е искрен, како во тајност, така и јавно, заслужува да биде викан искрен. Потоа, салаллаху алејхи ве селем, предупредил за лажењето и за зборувањето невистини, бидејќи тие го оддалечуваат човекот од исправниот пат и го наведуваат на зло, безредие и гревови, кои на крајот го водат кон пеколот. Човекот кој постојано лаже и тоа му станува навика, на крајот ќе биде запишан кај Аллах како еден од лажливците.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/5504